**20200520918**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ " бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19, 120/19 и 231/19), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 65 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат три нови точки 66, 67 и 68, кои гласат:

„66. Патрониран стопански експлозив од типот: TOVEX SE и TOVEX T, производство на компанијата Сосиете Суис дес Експлозивс СА (Societe Suisse des Explosifs SA) од Бриг (Brig), Швајцарија;

67. Патрониран стопански експлозив од типот: EURODYN 2000, производство на компанијата ЕУРОДИН СПРЕНГМИТЕЛ ГмбХ (EURODYN SPRENGMITTEL GmbH), од Бурбах-Вургендорф (Burbach-Wurgendorf), Германија;

68. Емулзивен стопански експлозив од типот EMULGA, производство на компанијата Сосиете Суис дес Експлозивс СА (Societe Suisse des Explosifs SA) од Бриг (Brig), Швајцарија.“.

Во Дел II. „СРЕДСТВА ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 34 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат две нови точки 35 и 36, кои гласат:

„35. Електрични детонатори од типовите: RIODET IZ, RIODET IM и RIODET ID, производство на компанијата МАКСАМ УЕБ, ДОО (MAXAM UEB, S.L.) од Галдакано (Galdacano), Шпанија;

36. Неелектрични детонатори од типовите: DETINEL MS, DETINEL LP, DETINEL Dual и DETINEL K, производство на компанијата МАКСАМ УЕБ, ДОО (MAXAM UEB, S.L.) од Галдакано (Galdacano), Шпанија.“.

Во Дел III. „ФИТИЛИ“ во точката 16 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додава нова точка 17, која гласи:

„17. Детонаторски фитили од типот: DETONEX 5, DETONEX 12, DETONEX 20, DETONEX 24, DETONEX 40, DETONEX 60, DETONEX 80, DETONEX 100 и DETONEX 150, производство на Сосиете Суис дес Експлозивс СА (Societe Suisse des Explosifs SA), од Бриг, Швајцарија.“.

Во Дел IV. „ПОЈАЧУВАЧИ (БУСТЕРИ)“, во точката 7 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додава нова точка 8, која гласи:

„8. Појачувач – Бустер од типот: BOOSTER DX 80, производство на компанијата Сосиете Суис дес Експлозивс СА (Societe Suisse des Explosifs SA) од Бриг (Brig), Швајцарија.“.

Бр. 13.1.1-22599/1
20 февруари 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Наќе Чулев,** с.р.